Врз основа на член 9 и член 56 од Законот за здравственото осигурување (“Сл. весник на РМ” бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 11/2002, 50/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 09.10.2007 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Сл. весник на РМ” бр. 11/2000, 4/2001, 71/2001, 23/2002, 55/2004, 30/2006, 137/2006 и 26/2007 година), во член 20 се додава нов став 6 кој гласи:

“Подрачната служба на Фондот по службена должност ќе изврши колективна одјава на осигурените лица од избраниот лекар во случај на престанок на работа на избраниот лекар во здравствената установа.”

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-14080/3
9 октомври 2007 година
Скопје

Управен одбор
заменик на претседателот,
**Снежана Костадиноска Милошеска,** с.р.